20261291861

## МИНИСТЕРСТВО ЗА ДИГИТАЛНА ТРАНСФОРМАЦИЈА

Врз основа на член 18 став (6) од Законот за безбедност на мрежни и информациски системи (*) („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 135/25), министерот за дигитална трансформација донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА НАЧИНОТ НА РАБОТА НА ТИМОТ ЗА КООРДИНАЦИЈА НА ОДГОВОРИ ПО ИНЦИДЕНТИ СО ГОЛЕМ ОПФАТ И КРИЗНИ СОСТОЈБИ

Член 1

Со овој правилник се пропишува начинот на работа на Тимот за координација на одговори по инциденти со голем опфат и кризни состојби (во натамошниот текст: Тимот за координација), доколку инцидентите не довеле до прогласување на кризна состојба.

Член 2

Во случај на настанување на сајбер безбедносен инцидент со голем опфат кој не довел до прогласување на кризна состојба, Тимот за координација се свикува од страна на министерот за дигитална трансформација (во натамошниот текст: координаторот).

Поканата за свикување на Тимот за координација се доставува во писмена форма (со препорачана пратка), електронска форма (на службено електронско сандаче), со телефонско јавување или порака, водејќи сметка за сигурноста на каналот за комуникација.

Координаторот ја определува формата на поканување.

Член 3

Седниците на Тимот за координација се одржуваат во простории кои ги определува координаторот или онлајн, без физичко присуство, во кој случај се користат безбедни комуникациски канали со соодветна заштита и контрола на пристап.

Тимот за координација одлучува со мнозинство гласови од присутните членови на седницата.

За состаноците на Тимот за координација се водат записници кои соодветно класифицирани се дистрибуираат преку безбедни канали.

Член 4

Тимот за координација ги разгледува сите аспекти поврзани со сајбер безбедносниот инцидент со голем опфат.

Податоците и информациите за инцидентот ги обезбедува тимот за одговор на компјутерски инциденти во чија надлежност е суштинскиот или важниот субјект кај кој се случил инцидентот.

Тимот за координација одлучува какви мерки и активности се потребни за надминување на инцидентите, како и за вклучување на други тимови за одговор на компјутерски инциденти или експерти кои треба да му помогнат на надлежниот тим за надминување на инцидентот.

Тимот за координација издава насоки за постапување на суштинските и важните субјекти, како и за надлежните органи и тимовите за одговор на компјутерски инциденти, со цел да се спречат понатамошни штетни последици од инцидентот или да се надмине истиот.

Суштинските и важните субјекти, надлежните органи и тимовите за одговор на компјутерски инциденти ги почитуваат насоките на Тимот за координација.

Тимот за координација до Управувачкиот комитет при Центарот за управување со кризи може да предложи да се донесе одлука за прогласување на кризна состојба, согласно законот со кој се уредува управувањето со кризи.

Заради координиран и ефикасен одговор на инцидентите со голем опфат, Тимот за координација во својата работа ја вклучува и Мрежата на тимови за одговор на компјутерски инциденти.

Тимот за координација е во постојано заседавање додека трае сајбер безбедносниот инцидент со голем опфат.

Тимот за координација ја информира јавноста за сите преземени мерки и активности, како и за сите други прашања поврзани со сајбер безбедносниот инцидент.

Член 5

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 10-1346/1
9 јуни 2026 година
Скопје

Министер за дигитална
трансформација,
**Стефан Андоновски**, с.р.